25 ГОДИНИ МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ

*МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ*
*9 — 16. III 1989*

СКОПСКИ САЕМ
(Во рамките на меѓународната манифестација „МЕБЕЛ '89")
17—22. III 1989

# „ТИЕ СЕКОЈДНЕВНИ ПРЕДМЕТИ"

*Секојдневните предмети претставуваат сведоштво за човечката култура и се одраз на состојбата и развојот на цивилизациите. Во ова наше пост-индустриско општество, дизајнерите, во услови на брз научен, технички и технолошки развој, се повеќе ги бришат границите меѓу уметноста и индустријата и му даваат печат на времето. Во модерниот свет доаѓа до акумулација на секојдневни предмети чие значење со тоа станува се поголемо.*

*Изложбата „Тие секојдневни предмети" е наменета за меѓународна соработка на културен план. Таа е составена од секојдневни предмети и паноа, а нејзината цел е да ги покаже тенденциите во францускиот дизајн како и богатството и разновидноста на француската креација која го соединува корисното, функционалното и естетското.*
*Изложбата е поделена во шест секции во зависност од статусот што секојдневните предмети го имаат:*

*Приватен предмет*
*Куќен предмет*
*Детски предмет*
*Предмет за забава*
*Работен предмет*
*Предмет од фантазијата*

*Авторот на концепцијата е Пјер Ив КУТИНО, а во реализацијата на изложбата учествуваа повеќе институции, ателјеа, дизајнери, индустријалци, издавачки куќи, агенции за промоција на дизајнот. КУТИНО и неговите соработници, со помош на сугестиите и советите што му ги дадоа преку стотина стручњаци од таа област, ја составија содржината на оваа изложба и со тоа ги прикажаа разновидните погледи и струи кои постојат во современата француска креација, давајќи при тоа една сосема оригинална слика на францускиот дизајн.*

*Преку анализа на коментарите од голем број учесници на оваа изложба се изврши и горе наведената поделба, иако таа не е толку строга. Графичката концепција на изложбата имаше за цел да ги врати и прикаже предметите во нивниот секојдневен амбиент. Како надополнување на изложбата доаѓа и аудивизуелната програма во која се претставени повеќе значајни француски дизајнери.*

*Кај мебелот и куќните предмети се јавуваат многу нови форми на креација, а преку книгоиздателството и списанијата често се откриваат млади и смели таленти чии замисли се сепак малку прифатени во масовното производство.*

*Со развојот на техниката и материјалите, се овзможи создавање на многу нови предмети наменети за спорт и рекреација, за канцелариска опрема, за куќна потреба, а со тоа доменот на дизајнерот знатно се прошири.*

*Доброто познавање на материјалите и комплексните техники, разновидните начини на изразување, му даваат голема креативна слобода на современиот дизајнер.*

*УЧЕСНИЦИ НА ИЗЛОЖБАТА*

*A. D. A.* — Здружение на дизајнери основано во 1986, во Бордо. Активности: промоции на дизајн.
*Allibert* — Манфред Ибер го води Бирото за дизајн што е во рамките на компанијата Алберт а неговата специјалност се предмети за бања и двор.
*A. P. C. I.* — Државна агенција за промоција на дизајнот.
*Architecture Intérieur—Créé* — Списание за внатрешна архитектура.
*Arcodif* — Музеј за применета уметност
*L'Atelier* — Списание за современа креација.
*Barrault S. A.* — Биро за индустриски дизајн, основан во 1963. Специјализиран за производи за широка потрошувачка.
*Création industrielle design* — Биро за индустриски дизајн специјализиран за лансирање на нови производи.
*Design Guy Boucher* —Дизајнер специјализиран за технички производи.
*École d'Architecture de Grenoble* — Ателјето е специјализирано за дизајнирање на луксузен мебел.
*Eklair* — Производител на мебел.
*Emballages Magazine* — Списание за амбалажа.
*En attendant les Barbares* — Издавачка куќа која воедно лансира колекции на предмети изработени во мали серии, а чии автори се припадници на т. н. „варварски стил“.
*Endt + Fulton Partners* — Биро за индустриски дизајн (информатика, телефони . . . ).
*Eurosit* — Производител на канцелариски столови.
*Formdesign* — Биро за дизајн (канцелариски мебел).
*I. F. D. I.* — Институт за Индустриски Дизајн. Цел: промоција на дизајн.
*I. G. Design* — Агенција за индустриски дизајн. Директор: Жан-Мишел ФАРС. Двапати добитник на наградата Janus на Министерството за индустрија.
*Larivière et Partners* — Ларивиер е млад дизајнер, основал агенција во 1983 год. Добитник на Оскар за амбалажа 1987 год.
*Lita* — Производител на предмети за внатрешно уредување (столни лампи, лустери . . . ).
*Lonsdale Design et Communication* — Агенција за дизајн.
*La masion de Marie-Claire* — Високо-тиражно списание за внатрешно уредување.
*Ministère de la Rechèrche et de l'Enseignement Supérieur* — Министерство за образование.
*Néotù* — Париска галерија во која постојано се изложува уникатен мебел или произведен во мали серии.
*Plan Créatif* — Клеман Русо во 1985 го основа ова Биро во кое се собираа неколку динамични дизајнери чии активности се разновидни.
*Raison Pure* —Биро за дизајн (козметички производи, амбалажа . . . ).
*Marie Robin* — Во прво време моден креатор, во 1984 год. ја основа својата Агенција чија специјалност се стаклени предмети.
*Studio Naço* — Биро за дизајн.
*Jean-Pierre Vitrac Design* — Жан-Пјер Витрак ја основа својата Агенција во 1973, денес има претставништва и надвор од Франција.
*Louis Vitton* — Модна куќа.

организатори:
музеј на современата уметност, скопје, француски културен центар, скопје, affa, intermedia, париз

издавач:
музеј на современата уметност, скопје
одговорен уредник:
слободанка парлиќ баришиќ
организација на изложбата:
викторија васев димеска
превод на македонски: бранко чобанов
печат:
г. з. „гоце делчев“, скопје
тираж: 300